**МИЛИЦА ШКАРИЌ, пијано,** завршила основно и средно музичко училиште во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во класата по пијано на Валентина Нолчева. Дипломирала пијано во Париз на Ecole Normale de Musique de Paris во класата по пијано на Нелсон дел Виѓ. На истата институција се здобива и со диплома по камерна музика. Две години изучува корепетиција во класата на Сесил Хугонар-Рош, професор на Националниот конзерваториум во Париз. Три години се усовршува како солист во класата на интернационално реномираниот пијанист Евгениј Королјов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург, Германија. Во текот на 2004-2005, таа оствари студиски престој како гостин професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, Мичиген, САД. Докторирала на ФМУ Скопје.

Носител е на три први републички награди по пијано, на прва специјална награда со максимален број поени на сојузниот натпревар на поранешна Југославија, четврта награда на меѓународниот натпревар во Сенигалија, Италија, прва награда на меѓународниот натпревар во Саребург, Франција и награда за корепетиција на натпреварот Елизе Мајер, Хамбург, Германија.

Носител е на стипендиите од фондациите Albert Roussel, Gilda Santarelli, Otto Stoterau Stiftung, Soros, DAAD, JFDP и др. Настапувала како солист и камерен партнер во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Повеќе нејзини целовечерни концерти се снимани во живо од Македонската радио телевизија. Нејзини изведби на дела од македонски современи композитори се издадени на неколку ЦД-иња од Соком. Во 2009 сними цело ЦД со обоистот Владимир Лазаревски со дела од современи автори.

Од 2007 Шкариќ е професор по пијано, камерна музика и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност во Штип.

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
БЕЗИСТЕН

# РЕЦИТАЛ

## БРАНКО ПАВЛОВСКИ
кларинет

## МИЛИЦА ШКАРИЌ
пијано

**петок, 11 мај 2012**
**почеток во 19.00 часот**

Подржано од Министерството за култура на Р. Македонија и Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

## ПРОГРАМА:

**ЛЕОНИД ПЕРМИНОВ**

Балада за кларинет и пијано

**КАРЛ МАРИА ВЕБЕР**

Фантазија за кларинет и пијано оп. 34

**АНДРЕ МЕСАЖЕ**

Конкурсно соло

**ФРАНСИС ПУЛАНК**

Соната за кларинет и пијано

1. Allegro Tristamente
2. Romanza
3. Allegro con fuoco

**СКОТ МЕКАЛИСТЕР**

"Црн Пес"

Рапсодија за кларинет и пијано

**БРАНКО ПАВЛОВСКИ, кларинет,** дипломирал и магистрирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Иван Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Бугарија, во класата на Петко Радев, Академијата за музички уметности во Прага, Чешка, во класата на Штјепан Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај, Париз, во класата на Филип Купер, Националниот Концерваториум во Вил д' Авреј, Париз, во класата на Доминик и др. Во 2007 година, Бранко Павловски добил целосна стипендија за докторски студии на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет на Луизијана во Батон Руж, САД, во класата на Роберт Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година, кога и докторирал. Во моментов Павловски е доцент на Факултетот за музички уметности на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Павловски учествувал на семинари и мајсторски класови кај еминентни кларинетисти како: Вилијам Блејни, Ги Данген, Данкан Прескот, Алан Хакер, Дејвид Кембел, Мајкл Увајт, Јоханес Пајц, Волтер Сејфарт, Ричард Мекдауел, Луиза Лудевиг–Вердер, Чед Буроу, Карл Лајстер, Властимил Мареш и др.

Павловски како солист и камерен музичар настапувал во САД, Франција, Англија, Чешка, Италија, Бугарија, Србија, Македонија. Истотака, настапувал на повеке фестивали во земјата и странство како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Дартингтон интернационалниот фестивал за музика, Охридско лето, Скопско лето, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители 'Кирил и Методиј' во Рим, потоа преку програмите на Музичка Младина на Македонија, КИЦ, и др.

Павловски работел како прв кларинетист на Воениот Оркестар на АРМ, а истотака и соработувал со Македонската Филхармонија, Прага Моцарт Оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националнот конзерваториумот во Версај, Батон Руж Симфонискиот Оркестар, Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана, и др.

Павловски има освоено повеќе награди на државни и меѓународни натпревари по музика: прва награда на државниот натпревар во Македонија 1988, 91, 94, 97, втора и трета награда на сојузниот натпревар во поранешна Југославија 1988, 91, прва награда на МТНА натреварот по камерна музика во Луизиана, САД, 2008. Павловски е добитник на наградата „26 јули" од Франк Харкорд Манинг од Лондон за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во текот на учебната година 1997/98 година, како и пофалница по повод 50-годишниот јубилеј од основањето на УКИМ во знак на признание за постигнат најдобар успех за време на студирањето. Истата година, по повод денот на ослободување на Крива Паланка, од страна на Советот на градот му е доделена наградата „8 Октомври" за постигнати значајни активности и резултати од областа на музичката уметност.